<u>Образец бр. 2</u>

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Со предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се обезбеди усогласеност и конзистентност на одредбите кои се однесуваат на електронските игри и интернет игрите со останатите одредби на законот, како и допрезизирање на управната постапка која ја води Министерството за финансии по поднесени барања од страна на приредувачите за приредување на игрите на среќа.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Предложениот закон е со цел да се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Основна цел на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри е усогласување на одредбите на законот кои се однесуваат на електронските игри на среќа со останатите одредби на законот и изменување на одредбите на законот кои се однесуваат на приредувањето на интернет игрите на среќа, со цел создавање на можност за приредување на интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Предложениот закон се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри и тоа:

- начело на ексклузивитет во приредувањето на игрите на среќа и начело на лиценцирање на правото на приредување на игрите на среќа и забавните игри;
- начело на економичност и ефикасност при управното постапување од страна на државните органи и
- начело на правна сигурност и заштита на приредувачите и учесниците во игрите на среќа и забавните игри.

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се отстранат одрдени законски недоследности воочени низ неговата

практична примена и со тоа обезбедување поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

Се предлага Владата на Република Македонија да го утврди предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри и Предлогот на законот да го достави до Собранието на Република Македонија.

**Опис:**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се отстранат одредени законски недоследности воочени низ неговото практично применување и со тоа ќе се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон. Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри се врши усогласување на одредбите на законот кои се однесуваат на електронските игри на среќа со останатите одредби на законот и изменување на одредбите на законот кои се однесуваат на приредувањето на интернет игрите на среќа, со цел создавање на можност за приредување на интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

**1.Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни:

Со примената на предложениот закон ќе се отстранат одрдени законски недоследности воочени низ неговото практично применување и со тоа ќе се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игри на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон.

**1. Ризици и претпоставки**

Не се предвидуваат ризици при примената на предложениот закон.

**2. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Во текот на изготвувањето на предложениот закон се извршени консултации и усогласувања со Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда и Управата за јавни приходи.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се отстранат одредени законски недоследности воочени низ неговото практично применување и со тоа ќе се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон. Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри се врши усогласување на одредбите на законот кои се однесуваат на електронските игри на среќа со останатите одредби на законот и изменување на одредбите на законот кои се однесуваат на приредувањето на интернет игрите на среќа, со цел создавање на можност за приредување на интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Основна цел на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри е усогласување на одредбите на законот кои се однесуваат на електронските игри на среќа со останатите одредби на законот и изменување на одредбите на законот кои се однесуваат на приредувањето на интернет игрите на среќа, со цел создавање на можност за приредување на интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина, а со тоа обезбедување на поголема и посоодветна заштита на учесниците во интернет игрите на среќа од штетните влијанија на овие игри на среќа, како што се прекумерно играње, спречување на перње на пари и спречување на измами, како и поголема контрола и мониторирање врз приредувачот на овие игри на среќа од страна на државата, како негов основач.

Со овој закон се врши и дополнување на одредбите на Законот за игрите на среќа и за забавните игри кои се однесуваат на казнените одредби.

Со останатите одредби од предложениот текст се вршат други иммени и дополнувања на законот во насока на олеснување на обврските при приредувањето на игрите на среќа од страна на приредувачите.

Со предложениот закон се корегираат и одредени технички пропусти на законодавецот во однос на текстот на законот.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- Оливера Савинова Стојанова, советник и
- Игор Димитров, раководител на Сектор.

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Игор Димитров, раководител на Сектор за правни и административни работи во Министерството за финансии.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: ..20<br>Вклучени организации и претставници<br>Свое мислење дадоа следниве организации | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | / |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА |

**Изјава од министерот**

Јас, **м-р Зоран Ставрески**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.................................................................................... Датум: ___.03.2012 година